РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# З А П И С Н И К

Од единаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата кој се одржа на 21.08.2017 година, со почеток во 16:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа
1. Горан Велинов, заменик претседател;
2. Славе Веловски, член;
3. Дашира Имери, член;
4. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата;
5. Синиша Апостолоски- Советник на Директорот за телекомуникации- во својство на записничар.

Гордана Клинчарова и Петар Есмеров беа оправдано отсутни.

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за единаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
   Комисијата едногласно го усвои дневниот ред за единаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;

2. Усвојување на записникот од десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата одржан на 13.07.2017 година;
   Комисијата едногласно го усвои записникот од десетиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 13.07.2017;

3. Презентирање на вториот квартален извештај за 2017 година;
   Директорот го презентираше вториот квартален извештај на АЕК за 2017 година;

4. Барање согласност за јавна набавка на услуга за миење на службени возила;
   Комисијата деде согласност за јавна набавка на услуга за миење на службени возила;

5. Барање согласност за јавна набавка на услуга за сервисирање на системите за греење и ладење и сервисирање на котли за греење во КМЦ;
   Комисијата даде согласност за јавна набавка на услуга за сервисирање на системите за греење и ладење и сервисирање на котли за греење во КМЦ;

6. Изменување на Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за електронски комуникации;
   Комисијата даде согласност за измена на Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за електронски комуникации со која се предвидува измена на работното време воведување на флаксибилно работно време на Агенцијата согласно препораките на Владата на РМ;

7. Постапување по приговор од вработен против Решение број 0201-10/28 од 12.07.2017 година доенесено од страна на директорот на АЕК;

Комисијата го разгледа барањето на вработен во Агенцијата со кое бара Комсијата на АЕК повторно да го разгледа Решението број 0201-10/28 од 12.07.2017 донесено од директорот на АЕК. Комсијата го разгледа барањето на вработениот и за истото смета дека е неосновано и го потврдува претходното Решение број 0201-10/28 од 12.07.2017 на директорот на АЕК

8. Разно.

Состанокот заврши на 21.08.2017 во 17:00 часот.

Горан Велинов, заменик претседател ___________________
Славе Веловски, член _______________________
Дашира Имери , член_________________________

Наш број ____________

Скопје ______________

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21 тел.: 02 32 89 200
1000 Скопје факс: 02 32 24 611
Република Македонија е-пошта: contact@aec.mk